# Screentime

## Упатство за инсталација и користење



MKSN
MKSafeNet



Екстензијата ти овозможува да го контролираш времето што го поминуваш на популарни социјални мрежи и забавни страници. Можеш да одредиш колку минути дневно сакаш да ги користиш за секоја страница, и откако ќе го достигнеш лимитот, нема да можеш да пристапиш до страницата. Можеш да поставиш временски рамки кога сакаш страниците да бидат недостапни за секој ден од неделата. Исто така, можеш да додадеш или отстраниш страници.

## За инсталација на екстензијата се користи следниот линк:

https://chromewebstore.google.com/detail/screentime/ofmanejijbcohgebmdfacglmhemiifca?hl=en-US&utm_source=ext_sidebar



Потоа се потврдува изборот со кликање на копчето **„Add extension“.**



**За влегување во делот за поставки на екстензијата се клика во горниот десен агол на прелистувачот Chrome во делот на екстензии и се одбира екстензијата „Screentime":**



**Во контролната табла на екстензијата може да се видат главните поставки, вклучувајќи ги дневните лимити и блокираните страници. На првиот екран на контролната табла има графички приказ на посетените веб страници со поминато време.**



**На вториот екран од контролната табла се подесувањата за страниците кои сакаме да ги ограничиме. На секој ред од листата со страници има: името на страницата, времето поминато на неа, слајдер за вклучување/исклучување на правилото, копче за подесување на поставките на таа страница и копче за бришење на правилото.**






Во поставките за одредена страница може да се промени името на тоа правило, да се едитира URL-то на страната, да се постави дневниот лимит во минути и да се избере боја со која ќе биде претставена страницата на првиот екран. Како напредна функција може да се подеси за секој ден различно времетраење на правилото:






Ако сакаме да додадеме ново правило, на вториот екран од контролната табла се клика на „Add Timer" во долниот десен агол и се внесува URL-то на страницата (пр. *://*.x.com ќе важи за секое URL кое го содржи x.com).

